**ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ ЗА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА ОД 10%**

Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за ДДВ (Службен весник на РМ бр. 44/99 .. 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 98/19..57/22) Владата на РСМ, на седницата одржана на 12 март 2022 година донесе ОДЛУКА за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка.

Со оваа одлука поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиотпериод на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на РСМ
- 12 март 2022 година а ќе се применува до 31 мај 2022 година. Енергентите закои се применува повластената стапка на ДДВ од 10% се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Реден број | Главен тарифен број/подброј/ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на Царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | 2710124500 | Со октански број (RON) од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2 | 2710124900 | Со октански број (RON) од 98 или поголем |
| 3 | 2710194300 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса |
| 4 | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,002% по маса |
| 5 | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0,002% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 6 | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,1% по маса |
| 7 | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса |
| 8 | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 9 | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0,1% по маса |
| 10 | 2711121100 | За употреба како погонско или енергетско гориво |
| 11 | 2711129400 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди: со чистота што надминува 90%, но помала од 99% |
| 12 | 2711129700 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди:<br>- Друго |
| 13 | 2711139100 | За други намени: Со чистота што надминува од 90%, но помала од 95% |
| 14 | 2711139700 | - Друго |
| 15 | 2711190000 | - Друго |
| 16 | 2711290000 | Во гасовита состојба: друго |